Согласно член 36 став 1 и 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија “ бр. 101/ 2019), Општина Крива Паланка, ул. ,,Св. Јоаким Осоговски,, бр 175, 1330 Крива Паланка, тел/факс 031 375 035, e-mail: opkp@krivapalanka.gov.mk, службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, го подготви следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**(за период од 01.01.2019 до 31.12.2019година)**

## 1. Податоци за службеното лице определено за посредување со информации кај имателот на информации:

Службено лице за посредување со информации согласно Член 8 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер карактер ( „Службен Весник на Република Северна Македонија “ бр. 101/ 2019), во Општина Крива Паланка за периодот од 01.01.до 31.12. 2019 година. е:
Лидија Митовска, помлад соработник за управување со квалитет
lmitovska@krivapalanka.gov.mk;
тел/факс 031 375 035
Општина Крива Паланка
Ул .,,Св. Јоаким Осоговски ,, бр. 175 ,1330 Крива Паланка

## 2.Број на примени барања:

Во текот на 2019 г. согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Крива Паланка се примени вкупно **36 (триесет и шест)** барања.

Барањата претежно се однесуваат за информации, акти, документи продуцирани со работата на општинската администрација, советот на општината, градоначалникот, но и одредени акти со кои се има стекнато општината во текот на вршењето на работите од својата надлежност.

Тоа што ги карактеризира еден поголем дел од барањата е што личат на прашалници, бидејќи има случаи кога со едно барање се бараат и повеќе од десет различни информации од различни области.

**Во текот на 2019 година од општината се побарани вкупно 157 (сто пеесет и седум) информациии од јавен карактер и тоа се:**

- 41 ( четириесет и една) информација се од областа на финансиите, општинскиот буџет,буџетскиот процес, финансиските извештаи, трансфери кон невладини организации, данок на имот и сл. или 26,11 %;
- 20 ( дваесет) информации се од областа на правни и општи работи (акти, докумети), имот на општината (движен и недвижен), работата и

функционирањето на Советот на општината, ( акти на советот, програми за работа и сл.) или 12,73 %;

- 7 (седум) информации се од областа на еднаквите можности на жените и мажите, комисијата за еднакви можности (годишни програми и акциските плански документи ,родовите перспективи и сл. или 4,46 %;
- 8 ( осум ) информации се во областа на урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина, комуналните дејности и комунална инфраструктура или 5,09 %;
- 24 (дваесет и четири) информации се од областа на инспекцискиот надзор (7-градежен инспекциски надзор, 3- комунален инспекциски надзор и 14 – се за целокупниот општински инспекциски надзор) или 15,29 %;
- 10 ( десет ) информации се од областа на јавните набавки или 6,40 % ;
- 14 (четиринаесет) информации се од областа на човечките ресурси во општината, и сл. или 8,91 %;
- 4 (четири) информации се од областа на меѓународната соработка на општината со збратимени општини и сл. или 2,52 %;
- 6 (шест) информации се од областа на против пожарната заштита, или 3,82 %;
- 10 (десет) информации се од областа на антикорупциската политика на општината, 6,40 %;
- 8 (осум) информации се од областа на локалниот економски развој, образование, спорт, култура и соработка со НВО секторот или 5,09 %;
- 5 (пет) информации се од областа на социјалните работи и социјалната заштита во општината или 3,18 %;

**3. Број на позитивно одговорени барања:**

**Сите 36 (триесет и шест ) барања се за информација од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и сите барања се позитивно одговорени.**

Одговорите на Барањата се конкретни согласно барањата на барателите, информациите се доставени во форма каква ја бара барателот и на начинот за доставување наведен во барањето. По сите барања е постапено согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**4. Број на одбиени или отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање.**

**нема**

**5. Број на неодговорени барања**

**нема**

**6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација).**

**Во текот на 2019г. е доставена една жалба, основ молчење на администрацијата.**

**6. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата.**

**нема**

**7. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата.**

**нема**

**8. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање.**

**нема**

**9.Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.**

**нема**

**18-67/1**
**09.01.2020г.**
**Крива Паланка**

.........................................................................
**Службено лице за посредување со информации**
**Лидија Митовска**

.........................................................................
**Градоначалник на Општина Крива Паланка**
**Борјанчо Мицевски**